CIVICA MOBILITAS

4-10 МАЈ, 2020

ВОНРЕДЕН БИЛТЕН БР.5

ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОРОНАВИРУС ПАНДЕМИЈАТА

https://civicamobilitas.mk/covid-19/

АКТИВНОСТИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Граѓанските организации, секоја на свој начин, придонесува кон справување со предизвиците од коронавирусот. Добивме пријави од 11 здруженија за 40 активности кои ги спровеле во текот на минатата недела. Меѓу нив има најмалку 22 акции за донирање и дистрибуирање социјални пакети, шест извештаи, анализи и инфографици, три организирани онлајн дискусии, две споделени едукативни содржини итн. Ние издвоивме:



ВЕБ ПЛАТФОРМА

Асоцијацијата на студенти и информатичари ја надогради веб платформата COVID19.mk, со детална статистичка слика за заболените од КОВИД-19.

Додадоа напредно сортирање и филтрирање на податоците за поголема прегледност и ја збогатија содржината со информации од интерес на граѓаните како дежурни аптеки, достава на храна во време на полициски час и сл.

COVID19.mk

ИНТЕРВЈУ

Во интервју за ПИНА, Драгана Дрндаревска од „Коалицијата Маргини“ говори за тоа како кризата со Ковид 19 влијае врз маргинализираните, женските права како и за семејното насилство.

Таа стравува дека кризата ќе се користи како изговор за да се одлагаат и да не се реализираат различни барања, за унапредување на правата на маргинализираните заедници

https://cutt.ly/1ymmMpS



КАЗНЕН НАЛОГ

Коалицијата сите за правично судење изработи видео постапката по казнен налог.

Во случај да постапите спротивно на прописите, односно наредбите на надлежните органи, издадени со цел сузбивање и спречување на ширењето на КОВИД-19, државата, преку Јавното обвинителство, против Вас ќе поднесе казнен налог за да ја санкционира постапката.

https://cutt.ly/Tymm6Yf

NIRAS FCG МЦМС МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска)

CIVICA MOBILITAS

4-10 МАЈ, 2020

ВОНРЕДЕН БИЛТЕН БР.5

БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Македонското здружение за заштита при работа во соработка со националната канцеларија на МОТ, ја преведе и технички ја уреди публикацијата „Соочени со пандемијата: Грижа за безбедноста и здравјето при работа“.
Во неа, меѓу другото, се разгледуваат и мерките за спречување и контролирање на ризикот од заразување, психосоцијалните ризици, ергономските ризици и останатите ризици кои произлегуваат од пандемијата а се поврзани со безбедноста и здравјето при работа.

https://cutt.ly/cymQwsm



КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

0800 002 03 - Национален call центар за информирање

02 324 8040 - Национален call центар за информации за економски и други мерки

151 31 - Трудова инспекција

191 - Пазарна инспекција

080025555 Санитарна инспекција

Преземете ја **„Koronavirus MK“ апликацијата** за сите последни информации и известувања

ПОЛИЦИСКИ ЧАС: Секој ден од 19:00 до 05:00

NIRAS FCG МЦМС МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска)